Република Северна Македонија
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
ОКСЗД
Republika e Maqedonisë së Veriut
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

Архивски број: 08-79/2
30-01-2024 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-780/1 од 6.11.2023 година поднесена од Синдикат на полиција во Македонија, во име на [redacted], против Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, за извршена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 27 став 1 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020), на 24.1.2024 година го донесе следното

## МИСЛЕЊЕ

**НЕ СЕ УТВРДУВА ДИСКРИМИНАЦИЈА** врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи сторена од страна на Министерството за внатрешни работи врз Билјана Змејковска.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација („**Комисијата**") од страна на Синдикат на полиција во Македонија („**СПМ**"), а во име на [redacted], поднесена е претставка бр. 08-780/1 од 6.11.2023 година против Министерство за внатрешни работи („**МВР**"), за сторена дискриминација врз основа на политичка припадност во областа на работата и работните односи.

Согласно наводите од претставката, [redacted] вработена во Оддел за криминалистичко разузнавање и анализа („**ОКРА**") Скопје и е член на Синдикатот на полиција во Македонија, до кој се има обратено за да побара правна заштита, односно со цел поднесување претставка за заштита од дискриминација.

Против [redacted] бил поднесен предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина број 14.2.2-1012/5 од 26.5.2023 поради тоа што на својот Facebook профил споделила нејзино учество на настани, состаноци, средби или конференции организирани од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, со што сторила повреда на член 168 од Законот за внатрешни работи („**ЗВР**") на тој начин што ја претставувала политичката партија. Во самиот предлог бил цитиран членот 210 став 1 точка 21 од Колективниот договор на МВР, каде посебно бил подвлечен текстот „претставува политичка партија". Наведуваат дека предметот го работела [redacted] во ОВККИПС.

Понатаму, со акт на СПМ број 18-99 од 6.7.2021 година до ОВККИПС било пријавено дека од страна на [redacted] било постапувано спротивно на Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи, односно на член 168 од ЗВР, со тоа што на својот Facebook профил тој објавувал партиски активности на политичката партија СДСМ. Од страна на ОВККИПС до СПМ бил доставен одговор број 14.2.2-1724/2 од 5.8.2021 година со кој известуваат дека полициски службеници од ОВККИПС извршиле увид во доставените извадоци на Facebook профилот на [redacted] како и непосреден увид во неговиот Facebook профил и констатирале дека со објавените содржини тој не сторил повреда на одредбите од Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи ниту на други законски или

подзаконски прописи во МВР. Предметот на [redacted] го работела [redacted] како [redacted]

Следно, со претставка на СПМ до ОВККИПС број 18-214 од 7.11.2022 година било пријавено дека високи полициски структури во МВР на ден 28.10.2022 година учествувале на граѓанската трибина во Прилеп под мотото „Силно и одлучно кон иднината" и на тој начин ја претставувале политичката партија СДСМ и го прекршиле член 168 од ЗВР. Вработените за кои станува збор биле [redacted] и [redacted] виш полициски советник. Во однос на претставката, од страна на ОВККИПС до СПМ бил доставен одговор број 14.2.2-2036/8 од 2.12.2022 година со кој известуваат дека полициските службеници [redacted] не ја прекршиле одредбата од член 168 од ЗВР, односно не истакнувале симболи на ниту една партија во просториите или службените возила на МВР. Именуваните исто така не истакнале партиски симболи ниту на трибината на која биле присутни. Подносителите напоменуваат дека и овој предмет го работела [redacted] како [redacted]

Подносителите на претставката сметаат дека со ваквото постапување Цветанка Цурева сторила дискриминација кон [redacted] на начин што кај неа утврдила повреда на член 168 од ЗВР, додека кај другите случаи кои се наведени во претставката, а кои тврдат дека се скоро идентични, не утврдила повреда, односно не повела постапка за утврдување на дисциплинска одговорност.

Во прилог на претставката беа доставени следните докази:

1. Одговор број 16.1.1-1147/11 од 30.8.2023 година;
2. Акт на СПМ број 18-99 од 6.7.2021 година;
3. Одговор број 14.2.2-1724/2 од 5.8.2021 година;
4. Претставка на СПМ до ОВККИПС број 18-214 од 7.11.2022 година;
5. Одговор број 14.2.2-2036/8 од 2.12.2022 година;
6. Предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина број 14.2.2-1012/5 од 26.5.2023 година.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 6.11.2023 година испрати Известување бр. 08-780/2 за произнесување по наводите од претставката до Министерството за внатрешни работи, Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди ("**ОВККИПС**").

На ден 6.12.2023 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, заведено под бр. 08-780/3.

Во однос на постапката за поведување и водење на дисциплински постапки во МВР, известуваат дека согласно одредбите од Колективниот договор на МВР, во случај кога е утврдено дека работникот врши кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, се поднесува писмен предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност. Во случаите кога ОВККИПС постапува по незаконито, непрофесионално и некоректно однесување и постапување од страна на работници во Министерството, предлогот за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност го поднесува ОВККИПС, како овластен предлагач.


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Согласно одредбите од Колективниот договор, дисциплинската постапка започнува со поднесување на предлог за нејзино поведување до Одделот за дисциплински и судски постапки кој ја оценува оправданоста на предлогот и доколку го прифати, закажува расправа на која донесува предлог за соодветна дисциплинска мерка, кој предлог го доставува до министерот за внатрешни работи. Конечната одлука ја носи министерот во форма на решение против кое работникот има право на приговор до второстепена комисија при Владата на Република Северна Македонија, а како трета инстанца, има можност доколку е незадоволен од одлуката да поведе и судска постапка.
Согласно наведеното, информираат дека ОВККИПС е само предлагач во постапката, додека самата постапка ја води Одделот за дисциплински и судски постапки, а конечна одлука носи министерот за внатрешни работи.

Во однос, пак, на поднесениот предлог за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност за полициската службеничка [redacted] известуваат дека до ОВККИПС анонимно биле доставени извадоци од нејзиниот Facebook профил од кои се гледа дека како своја профилна слика го има ставено симболот на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, а подолу има објавено фотографии од XIX Годишна конференција на Унијата на жени на ВМРО-ДПМНЕ, каде таа била присутна.

Заради утврдување на фактичката состојба, ОВККИПС обезбедил ЦД од Секторот за компјутерски криминал со видео запис од профилот на социјалната мрежа Facebook на [redacted] и на ден 26.5.2023 година бил извршен увид во материјалот од доставеното ЦД и било констатирано дека [redacted] во периодот во изминатата година до денот на вршење на проверките, имала објавено повеќе објави на својот Facebook профил од нејзино учество на настани организирани од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, како и од состаноци, средби или конференции на телата на оваа политичка партија.

Оттука, по доставен предлог од страна на ОВККИПС за поведување на постапка за утврдување на дисциплинска одговорност за полициската службеничка [redacted], од страна на Одделот за дисциплински и судски постапки била поведена постапка за утврдување на дисциплинска одговорност, водена расправа и на министерот му било предложено да донесе решение за парична казна во износ од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот во траење од 6 (шест) месеци, а согласно член 211 став 1 точка 2 од Колективниот договор на МВР. Министерот за внатрешни работи понатаму донел решение бр. 23.1-118518/1 од 7.11.2023 година со кое на [redacted] ѝ била изречена парична казна во износ од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот во траење од 6 (шест) месеци.

Поконкретно, Одделот за дисциплински и судски постапки утврдил дека полициската службеничка [redacted] на својот Facebook профил објавила повеќе такви објави, и тоа:

- На ден 8.5.2023 година објавила повеќе фотографии од „XIX Годишна конференција, Унија на жени на ВМРО-ДПМНЕ" која се одржала во Македонската филхармонија, а на кои се забележува и нејзино присуство;
- На ден 26.4.2023 година објавила пост „Секогаш и се за Македонија" со фотографија од логото на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ „Ова е Македонија, ВМРО-ДПМНЕ за сите!";
- На ден 28.3.2023 година објавила пост од интервју на претседателот на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ од гостување во телевизиска емисија „Само интервју" со назив „ВМРО-ДПМНЕ покажа лидерство, посочивме да не прават проблем. Со промената на Уставот стануваме вечни преговарачи, јас ви гарантирам дека сме многу понапред во..."; 

- На ден 7.3.2023 година објавила пост со повеќе фотографии на кои се забележува нејзино присуство од учество на трибина „Трибина на тема! Вклученост на родовите перспективи во политиките на ВМРО-ДПМНЕ!";
- На ден 11.2.2023 година објавила пост со повеќе фотографии, на кои се забележува и нејзино присуство, од настан одржан во Кисела Вода, Скопје- „Промоција на третиот број на весникот на Унија на млади сили на ВМРО-ДПМНЕ „Мегафон" со ексклузивно интервју на градоначалникот на Општина Кисела Вода Орце Ѓорѓиевски. УЖ секогаш верна поддршка на УМС!";
- На ден 2.2.2023 година објавила пост со повеќе фотографии од „Конструктивен работен состанок на силната и истрајна УНИЈА НА ЖЕНИ НА ВМРО-ДПМНЕ на ОК Кисела Вода за подобра иднина", на кои се забележува и нејзино присуство;
- На ден 20.1.2023 година објавила пост со логото на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ- „ПРОМЕНИТЕ СЕ СЛУЧУВААТ, СЕКОГАШ СО НАРОДОТ";
- На ден 12.1.2023 година објавила пост со повеќе фотографии, на кои се забележува и нејзино присуство, од просториите на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ ОК Кисела Вода со содржина „Прослава по повод празникот Василица Унија на Жени на ВМРО-ДПМНЕ ОК Кисела Вода со градоначалникот на Општина Кисела Вода Орце Ѓорѓиевски Среќна Василица, за многу години Македонци!";
- На ден 8.12.2022 година објавила пост со повеќе фотографии, на кои се забележува и нејзино присуство, од настан одржан во Кисела Вода со содржина „По повод празникот 8-ми Декември, Св. Климент Охридски, Унијата на Жени на ВМРО-ДПМНЕ и Централната Комисија за култура на ВМРО-ДПМНЕ организира свечен настан на тема Св. Климент Охридски Стожерот на македонската грамотност".

Со вака објавените содржини на својот профил на социјалната мрежа Facebook, [redacted] претставувала и застапувала ставови и активности на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, со што постапила спротивно на Упатството за користење на социјалните мрежи во Министерството за внатрешни работи. Како отежителна околност бил земен предвид фактот дека полициската службеничка [redacted] била запознаена со содржината на Упатството за користење на социјалните мрежи во Министерството за внатрешни работи, што го потврдила и самата на денот на одржаната расправа.

Со своето дејствие, полициската службеничка [redacted] постапила спротивно на одредбите од член 10 став 1 и 4, член 168 став 1 и член 187 став 1 точка 10 од Законот за внатрешни работи.

Член 10 став 1 и 4 од ЗВР гласи:
„При извршувањето на работите и на работните задачи, работниците во Министерството задржуваат високи стандарди за личен интегритет, професионална етика и грижа за заштита на јавниот интерес и се придржуваат до актите кои ги уредуваат овие стандарди.
Работниците ги почитуваат целите, интересите, угледот и интегритетот на Министерството."

Член 168 став 1 од ЗВО гласи:
„Работник во Министерството не смее да биде член на политичка партија, да основа, раководи, да ја застапува и претставува политичката партија или да биде член на органи и тела на политичка партија."

Член 187 став 1 точка 10 од ЗВР гласи:
„Работникот врши потешко кршење на работниот ред и дисциплина или неисполнување на работните обврски, утврдени со закон, колективен договор, правила и прописи на Министерството и договор за вработување, доколку:
- постапува спротивно на правилата и прописите на Министерството;".

Дополнително, [redacted] постапила спротивно и на член 2 став 1 алинеи 1, 3 и 9 од Правилата за начинот на однесување и меѓусебните односи на работниците со посебни должности и овластувања во МВР, кој гласи:
„Во извршувањето на работите и работните задачи, овластените службени лица во Министерството за внатрешни работи се должни:
- да постапуваат во согласност со правата, должностите и овластувањата утврдени со Уставот на Република Македонија, законите и другите прописи донесени врз основа на закон.
- да го чуваат својот углед, како и угледот на Министерството за внатрешни работи
- да се придржуваат кон Кодексот на полициска етика."

Покрај ова, [redacted] постапила спротивно и на член 25 од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи, каде е пропишано дека:
„Работникот при користење на социјалните мрежи потребно е да ги почитува и применува правилата утврдени во интерниот пропис за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството."

Билјана Змејковска ги прекршила и член 16 и член 20 став 2 од Кодексот на полициската етика кој гласи:
„Полициските службеници на сите нивоа се лично одговорни и отчетни за своите активности, превиди и пропусти.
Полициските службеници го почитуваат и унапредуваат степенот на полициска култура, согласно стандардите на однесување предвидени во законите и подзаконските прописи."

Во произнесувањето упатуваат и на член 1 и член 2 од Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи, каде е наведено дека:
„Со ова упатство се пропишува начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во Министерството за внатрешни работи."
„Целта на ова упатство е запознавање на работниците на Министерството со правилата при користење на социјалните мрежи и тоа од аспект дека:
- секое објавување на содржината на социјалните мрежи е како јавно публикување во медиумите и
- еднаш објавената содржина не се брише туку секогаш останува јавно достапна на интернет."

Во однос на наводите од претставката кои се однесуваат на поднесена претставка од страна на Синдикатот на полиција во Македонија со бр. 18-214 од 7.11.2022 година до ОВККИПС, против полициските службеници [redacted] известуваат дека Одделот извршил увид во доставеното ЦД на кое се гледало дека именуваните полициски службеници присуствувале на граѓанска трибина која се одржала во Прилеп на 28.10.2022 година, но потенцираат дека истиот видео запис не е објавен од нивна страна на ниту еден личен профил на некоја од социјалните мрежи. Дополнително, ОВККИПС утврдил дека именуваните полициски службеници на ден 28.10.2022 година по 19.00 часот не биле работно ангажирани. По извршените проверки и остварени разговори со полициските службеници, било утврдено дека тие

присуствувале на граѓанската трибина од јавен карактер во Прилеп, но не истакнувале симболи на политички партии, ниту партиски се организирале и дејствувале.

Оттука, од страна на ОВККИПС било констатирано дека полициските службеници [redacted] и [redacted] со своето присуство на граѓанската трибина во Прилеп не постапиле спротивно на Колективниот договор на МВР, ниту на Етичкиот кодекс за однесување на работниците во МВР, ниту пак ги прекршиле одредбите од Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи од страна на работниците во МВР, односно не објавиле содржина на свој личен профил на социјална мрежа од нивното присуство на трибината.

Во однос на наводите од претставката кои се однесуваат на поднесена претставка од страна на Синдикатот на полиција во Македонија со бр. 18-99 од 6.7.2021 година до Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, против [redacted], известуваат дека во прилог на актот биле доставени извадоци од Facebook профилот на именуваниот во кои тој објавува содржини преземени од Facebook профилот на министерот за внатрешни работи, Оливер Спасовски, како и содржина преземена од Канал 5 Телевизија, а се однесува на пратеничката од СДСМ Стојчевска и содржини поврзани со внатрепартиските избори во СДСМ на 21.3.2021 година. Информираат дека по извршен увид во доставените извадоци, како и по извршен непосреден увид во Facebook профилот на [redacted], бил потврден фактот дека истиот би објавил погоре наведените содржини, меѓутоа известуваат дека со таквите содржини тој не упатил навреди кон никого, ниту пак некого омаловажил и не го прекршил Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи.

Во оваа насока, посочуваат на Упатството каде е наведено дека: „Работникот при користење на социјалните мрежи потребно е да ги почитува другите физички лица во комуникацијата" и „Работникот на Министерството е должен при користење на сопствените профили на социјалните мрежи да се однесува со почит спрема сите работници кои повеќе не работат и работници кои се во работен однос во Министерството, како и кон граѓаните, полицијата и Министерството".
Оттука, Одделот утврдил дека [redacted] со ниту еден свој пост на својот Facebook профил не сторил повреда на Упатството, ниту пак станува збор за непочитување на правилата и прописите на МВР и несоодветно постапување од негова страна.

Покрај ова, а во врска со фактот дека претставката до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација е директно насочена кон [redacted] како вработена во МВР, која во сите три посочени случаи од страна на Синдикатот е посочена како изготвувач на одговор или предлог, истакнуваат дека МВР е орган на државната управа кој е поставен врз принципите на хиерархија и субординација, согласно хиерархиската поставеност на работните места во Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди. Оттука, предметите кои пристигнуваат за работа во тој оддел најнапред ги разгледува помошник на министерот на одделот како највисок раководен работник, кој во зависност од проблематиката ги распоредува на началниците на сектор, кои ги распоредуваат на началниците на одделение, кои пак ги распоредуваат на главните инспектори кои го работат предметот. Притоа информираат дека при постапувањето по одреден предмет, главниот инспектор постапува врз основа на претходно добиени сознанија, утврдени факти, спроведена истрага и потребни докази, но во никој случај тоа не го прави лично, по свое сопствено лично убедување, односно не постои можност за пристрасност во постапувањето на вработените во ОВККИПС. За ова говори и фактот што актите се изготвуваат на образец-меморандум доставен од Владата, согласно кој во долниот лев агол се потпишува највисокиот раководен работник- помошник на министерот, кој го одобрил актот, а под него се потпишуваат главниот инспектор кој го изработил актот, началникот на одделение кој го


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

контролирал и началникот на сектор кој се согласил со содржината на актот. Согласно вака воспоставената матрица на одговорност, доколку недостасува некој од овие потписи актот не може да се достави, а исто така и доколку некој од потписниците во делот „контролирал", „согласен" и „одобрил" не се согласил со утврдената фактичка состојба во актот кој го изготвил главниот инспектор, или пак сметал дека фактичката состојба требала поинаку да се утврди, нема да го потпише актот во својот дел и ќе го врати на доработка или преработка.

Последно, во однос на наводите од претставката дека при постапувањето во горенаведените случаи на утврдување дисциплинска одговорност била сторена дискриминација, сметаат дека во сите три наведени случаи не е исполнет условот од законските дефиниции на „дискриминаторско однесување" и на поимот „директна дискриминација", бидејќи случаите не се однесуваат на слична ситуација и не се сторени во исти или слични услови.
Имено, [redacted] ја сторила повредата на работниот ред и дисциплина на начин што на својот Facebook профил објавила фотографии спротивно на правилата на правилата и прописите во МВР, додека во случајот на [redacted] не постои никаква објава на нивни профили на било која социјална мрежа, ниту пак е констатирана повреда од нивна страна на правилата и прописите во МВР. Исто така и во случајот на [redacted] не е констатирана повреда на правилата и прописите на МВР со тоа што на својот Facebook профил објавил објави од Facebook профилот на министерот за внатрешни работи.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, со цел правилно утврдување на фактичката состојба, на ден 26.12.2023 година испрати Барање за информација до МВР со кое беше побарано да се достави предметното Решение бр. 23.1-118518/1 од 7.11.2023 година со кое на [redacted] ѝ се утврдува дисциплинска одговорност.

На ден 15.1.2024 година до Комисијата пристигна акт бр. 08-79/1 од страна на Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, со кој беше доставено Решението бр. 23.1-118518/1 од 7.11.2023 година.

По увид во наводите од претставката, произнесувањето по истата, како и севкупно приложените докази, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација ја констатира следната фактичка состојба:

[redacted] е вработена во Министерството за внатрешни работи на работно место Главен аналитичар за стратешка анализа во Одделот за криминалистичко разузнавање и анализа Скопје. Членка е на Синдикатот на полиција во Македонија. Против неа бил поднесен анонимен предлог за поведување на постапка за утврдување на одговорност за повреда на работниот ред и дисциплина број 14.2.2-1012/5 од 26.5.2023 поради тоа што на својот Facebook профил споделила низа објави од нејзино учество на настани, состаноци, средби или конференции организирани од страна на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ.
По спроведена дисциплинска постапка, било донесено Решение бр. 23.1-118518/1 од 7.11.2023 година со кое ѝ се утврдува дисциплинска одговорност и ѝ се изрекува парична казна во износ од 15% од последната исплатена месечна нето плата на работникот во траење од 6 (шест) месеци.

Согласно решението, [redacted] постапила спротивно на одредбите од член 10 став 1 и 4, член 168 став 1 и член 187 став 1 точка 10 од Законот за внатрешни работи, член 2 став 1 алинеи 1, 3 и 9 од Правилата за начинот на однесување и меѓусебните односи на работниците со посебни должности и овластувања во МВР, член 25 од Етичкиот кодекс за однесување на работниците во Министерството за внатрешни работи и член 16 и член 20 став 2 од Кодексот на полициска етика.

Покрај ова, Синдикатот на полиција во Македонија поднел предлози за поведување дисциплински постапки против [redacted] на министерот, [redacted] во министерството. Наводите за сторена повреда на работниот ред и дисциплина биле дека [redacted] на својот Facebook профил објавувал партиски активности на политичката партија СДСМ, додека пак [redacted] учествувале на граѓанска трибина во Прилеп под мотото „Силно и одлучно кон иднината“ и на тој начин ја претставувале политичката партија СДСМ.

Во врска со претставката против [redacted], од страна на ОВККИПС бил доставен одговор број 14.2.2-1724/2 од 5.8.2021 година со кој известуваат дека било констатирано дека тој не сторил повреда на одредбите од Упатството за начинот на користење на социјалните мрежи ниту на други законски или подзаконски прописи во МВР. Исто така, во врска со претставката против [redacted] од страна на ОВККИПС бил доставен одговор број 14.2.2-2036/8 од 2.12.2022 година со кој известуваат дека полициските службеници [redacted] не ја прекршиле одредбата од член 168 од ЗВР, односно не истакнувале симболи на ниту една партија во просториите или службените возила на МВР и дополнително не истакнале партиски симболи ниту на трибината на која биле присутни.

Согласно **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација**:

„Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите.“

Во оваа насока, **член 8 став 1** од Законот ја дефинира директната дискриминација:

„Директна дискриминација постои кога со едно лице или со група се постапува, се постапувало или би се постапувало понеповолно во однос на друго лице или група во фактичка или можна споредлива или слична ситуација, врз дискриминаторска основа.“

Во контекст на цитираните одредби, Комисијата утврди дека не станува збор за можни споредливи ситуации, односно за исти или слични околности врз чија основа би се ценело потенцијалното дискриминаторско постапување.

Имено, во случајот на [redacted] станува збор за објави на социјалната мрежа Facebook од нејзиниот личен профил кои се директно поврзани со дејствувањето на политичката партија ВМРО-ДПМНЕ, а некои од објавите пренесуваат и нејзино учество на настани, конференции и состаноци на партијата. Од друга страна, во случајот на [redacted] станува збор за споделувања на објави од службената Facebook страница на министерот за внатрешни работи, односно се работи за споделување на активности на јавен функционер.

Последно, во случајот на [redacted] се работи за нивно присуство на граѓанска трибина во Прилеп, што тие воопшто го немаат објавено на личен профил на некоја од социјалните мрежи, притоа не е забележано дека истакнувале симболи на политички партии, ниту дека партиски се организирале и дејствувале и дополнително, тие не биле работно ангажирани истиот ден после 19 часот, кога била и одржана трибината.

Оттука, земајќи ја предвид законската дефиниција, Комисијата не пронајде факти и околности кои укажуваат на тоа дека врз [redacted] било постапувано различно, односно понеповолно



ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

во споредлива или слична ситуација во однос на останатите колеги [redacted]

Врз основа на горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот и не утврди дискриминација од страна на Министерството за внатрешни работи врз [redacted]

Скопје
30.1.2024 година

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател
Игор Јадровски

Доставено до:

- Синдикат на полиција во Македонија, ул. Андон Шурков бр. 45А, 1400 Велес
- Министерство за внатрешни работи, ул. Димче Мирчев бр. 9, 1000 Скопје


ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk